# ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
„Свети Климент Охридски” - Скопје

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО ВО УЧЕБНАТА 2025-2026

**Скопје, 2026 година**

## Вовед

Основното училиште„Св.Климент Охридски“- Скопје во првото полугодие во учебна 2025/2026 година својата општествено-педагошка функција ја остваруваше согласно со:

- Законот за основно образование;

- Концепцијата за деветгодишно основно образование и воспитание;

Планот и програмата за воспитно-образовната работа по сите наставни предмети и други документи непосредно поврзани со оваа дејност.

Општинското основното училиште „Св. Климент Охридски” е лоцирано на територијата на општина Бутел, во населба Бутел на ул. „Призренска” 22 и ги опфаќа учениците од населбата, населено место Кучевачка бара и населено место Љуботенски пат.

Појдовна основа за изготвување на Полугодишниот извештај за работата на училиштето, почитувајќи го Законот за основно образование и Статутот на училиштето, ќе бидат следниве појдовни точки:

- *Анализа на степенот на реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето.*
- *Квантитативните и квалитативните резултати од реализацијата на истата.*
- *Планови и програми за работата на директорот, педагогот, психологот, наставниците, наставничкиот совет, одделенските совети и стручните активи.*

Учебната година започна на 1.9.2025 година, а наставата се реализира со редовна наставна програма. Наставата ја посетуваа учениците од прво до деветто одделение. Наставата и другите форми на воспитно-образовната работа во првото полугодие од учебната 2025/2026 година се реализирани врз основа на Законот за основно образование, Годишните планови и програми пропишани од Бирото за развој на образование и Министерството за образование и наука, како и по Календарот на воспитно-образовната работа на основното училиште за учебната 2025/2026 година. Полугодишниот извештај претставува документ кој содржи важни информации за оценка на работата на училиштето и остварувањето на годишната програма за работа во првото полугодие во учебната 2025/2026 година. Тој во суштина писмено ја изразува ангажираноста на училиштето (директорот, стручните соработници и наставниците, учениците, родителите) во остварувањето на дејноста на училиштето.

Целта на овој извештај е да обезбеди јасни насоки за одговорно вклучување на сите училишни субјекти во креирањето на програмските определби за работа во наредниот период на учебната година.

## Лична карта на училиштето

### Општи податоци за училиштето

| **Податоци** | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ „Свети Климент Охридски“ |
| Адреса, место, општина | „Призренска“ бр.22 Скопје, Бутел |
| Телефон | 02 2621 432 |
| Факс | 02 2621 432 |
| Веб-страница | www.oousvklimentohridski.edu.mk |
| Е-маил | ohridskikliment_butel@yahoo.com |
| Основано од. | Од град Скопје 15-28505 од 21.12.1973 |
| Верификација-број на актот | 10-2835/3 |
| Година на изградба | 1970 |
| Тип на градба | тврда |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 5062м2 |
| Училиштен двор (m2) | 20000м2 |
| Површина на спортски терени и игралишта | 750 m2 |
| Начин на загревање на училиштето | нафта (сопствено парно) |
| Училиштето работи во смени | 1 смени |
| Број на паралелки | 27 |
| Број на комбинирани паралелки | / |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | македонски |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | не |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | не |
| Во основното училиште има ресурсен центар | не |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | / |

### Просторни услови за работа на училиштето

| | |
|---|---|
| Вкупен број на училишни згради | Една |
| Број на подрачни училишта | / |
| Бруто површина | 31 964 |
| Нето површина | 5713 |
| Број на спортски терени | 1+1 |
| Број на катови | 2 |
| Број на училници | 27 |
| Број на помошни простории | 7 |
| Училишна библиотека, медијатека | Да |
| Начин на загревање на училиштето | Сопствено парно |

**Број на вработени**

| Кадар | Вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | Други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на вработени | 57 | 8 | 48 | | | | | 1 | | | | | |
| Број на наставен кадар | 42 | 3 | 38 | | | | | 1 | | | | | |
| Број на воспитувачи | / | | | | | | | | | | | | |
| Број на стручни соработници | 3 | 1 | 2 | | | | | | | | | | |
| Администра-тивни работници | 1 | 1 | | | | | | | | | | | |

**Степен на образование на вработени**

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Високо образование | 46 |
| Виша стручна спрема | 1 |
| Средно образование | 2 |
| Основно образование | 8 |

## Структура на училиштето

Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште.

| | |
|---|---|
| Членови на училиштен одбор (име и презиме) | Милорад Васовски – претседател<br>Мариана Стрезовска -потпретседател<br>Мирослав Митиќ – член<br>Драгана Чолкова – член<br>Мартин Ристевски – член<br>Александра Ицковска - член<br>Даниела С. Кочијева – член |
| Членови на советот на родители (име и презиме) | Драгана Чолкова - претседател<br>Јасмина Накева - зам. претседател<br>Маријана Киранџиски - записничар<br>Марија Кромидаровска<br>Снежана Калчева<br>Ивана Илиевиќ Николовски<br>Димо Попчев<br>Викторија Зиљамова<br>Андреа Чованова<br>Александра Усовиќ<br>Дејан Ѓорѓиев<br>Марина Петровска<br>Александра Ицковска |

| | |
|---|---|
| | Маринела Богданоска<br>Кристина Симуноски<br>Антонија Атанасовска<br>Емилија Василевска<br>Далибор Јорданов<br>Милорад Васовски<br>Марјан Шилев<br>Гоце Глигоров<br>Оливера Пенева<br>Благица Илиевска<br>Радмила Китановска<br>Елена Ниниќ<br>Анастасија Искова<br>Боби Христовски |
| Стручни активи<br>(видови) | Актив на одделенска настава<br>Актив на природна група предмети<br>Актив на општествена група предмети |
| Одделенси совети<br>(број на наставници) | 18 - одделенска<br>24 – предметна |
| Членови на училиштниот инклузивен тим<br>(име и презиме) | Снежана Петреска - директор<br>Ивана Крстиќ- дефектолог<br>Анета Сековска Ѓорѓиоска-психолог<br>(Ивана Кметовска-психолог)<br>Маја Дрндаревски - одделенски наставник<br>Оливера Костадинова – предметен наставник<br>Катерина Глигорова -родител<br>Андријана Шишковска - родител |
| Заедница на паралелката<br>(број на ученици) | 27 |
| Членови на ученичкиот парламент<br>(број на ученици, име и презиме на претседателот на ученичкиот парламент) | 27<br>Ева Илиевска |
| Ученички правобранител<br>(име и презиме на претседателот на ученичкиот правобранител) | Ена Ицковска |

**Ученици**

| Одд. | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и полова структура на учениците | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Бошњаци | | Турци | | Роми | | Срби | | Албанци | | Други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| ***I*** | 3 | 51 | 22 | 25 | 1 | 1 | | | | 2 | | | | | | |
| ***II*** | 4 | 71 | 26 | 41 | 3 | | | 1 | | | | | | | | |
| ***III*** | 3 | 65 | 35 | 28 | 1 | 1 | | | | | | | | | | |
| ***IV*** | 3 | 61 | 34 | 23 | | | 1 | 1 | | | | | | 1 | 1 | |
| ***V*** | 3 | 50 | 26 | 20 | 2 | 1 | | 1 | | | | | | | | |
| ***I-V*** | **16** | **298** | **143** | **137** | **7** | **3** | **1** | **3** | | **2** | | | | **1** | **1** | |
| ***VI*** | 3 | 59 | 26 | 31 | 1 | 1 | | | | | | | | | | |
| ***VII*** | 3 | 43 | 23 | 17 | 1 | 2 | | | | | | | | | | |
| ***VIII*** | 3 | 53 | 23 | 26 | 2 | 1 | | | | 1 | | | | | | |
| ***IX*** | 2 | 55 | 24 | 27 | 1 | 2 | 1 | | | | | | | | | |
| ***VI-IX*** | **11** | **210** | **96** | **101** | **5** | **6** | **1** | | | **1** | | | | | | |
| ***I-IX*** | **27** | **508** | **239** | **238** | **12** | **9** | **2** | **3** | | **3** | | | | **1** | **1** | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Наставен јазик**

| | **Наставен јазик-македонски** | **Наставен јазик-албански** | **Наставен јазик-турски** | **Наставен јазик-српски** |
|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 27 | | | |
| **Број на ученици** | 508 | | | |
| **Број на наставници** | 42 | | | |

**Материјално – технички услови**

Општинското основното училиште “Свети Климент Охридски”, според бројот на просториите, материјално - техничките и кадровски услови со кои располага, овозможува нормални услови за изведување на воспитно-образовната работа.

**Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“**

| **Наставен предмет (одделенска и предметна настава)** | **Постоечка опрема и наставни средства** | **Потребна опрема и наставни средства** |
|---|---|---|
| За сите одделенија од одделенска и предметна настава | Компјутери | Компјутери |
| Биологија | Електричен микроскоп | |
| За сите одделенија од оддленска и предметна настава | Интерактивна табла | Интерактивна табла и 5 проектори за интерактивни табли |
| За сите одделенија од оддленска и предметна настава | ЛЦД проектори | |

| | | |
|---|---|---|
| За сите одделенија од оддленска и предметна настава | Фото апарат | Дигитална камера |
| За сите одделенија од оддленска и предметна настава | Дијапроектори | |
| За сите одделенија од оддленска и предметна настава | Принтери | Скенери и  принтери |
| Историја, Географија и за одделенска настава | Географско-историски карти | |
| Музичко образование | Клавинова<br>Пијано | |
| За сите одделенија од оддленска и предметна настава | | ТВ приемници |
| За сите одделенија од оддленска и предметна настава | Фотокопири | Фотокопири |
| Информатика и сите одделенија кои што имаат потреба | Кабинет по информатика | Комјутери и сервер |

**Мапа на училиштето**



## Мисија и визија

### Мисија

Ние им помагаме на децата да се стекнат со нови знаења и вештини преку забава и програми за интерактивно учење во работна средина во која постојат услови за докажување на индивидуалните способности на секој ученик, истакнувајќи го сопствениот идентитет и почитувајќи го оној на другите етнички заедници.

### Визија

Ќе направиме од училиштето место каде сите ќе се почитуваат меѓу себе без разлика на вера и националност, ќе се анимираат наставни содржини базирани врз едукациони методи што одат пред времето и интернетот. Ќе овозможиме учениците да ја совладуваат комплексната материја на брз и ефективен начин и да се запознаат со културните разноликости на различните етникуми во Република Македонија.

Училиштето ќе биде средина која ќе овозможи:

- Квалитетно учење и поучување;
- Подигнување на еколошката култура;
- Почитување на разликите на другиот;
- Развивање на самосвест за своите и вредностите на другите;
- Ќе гради добросостојба и соживот.

## Веќе научено - Стекнати искуства

**Од извештајот за реализацијата на Наставниот план и програма во одделенска настава констатирана е следнава состојба:**

Во првото полугодие во учебната 2025/2026 година Наставниот план и програма се во целост реализирани од сите одделенски и предметни наставници.

Добра страна во реализацијата на наставните планови е дека програмските цели се јасно дефинирани и овозможуваат примена на активни методи, идејни решенија и стратегии при реализацијата, можности за интеграција и диференциран приод, зголемена динамика и мотивација на учениците, како и јасно дефинирани очекувани исходи.

Планираните програмски цели од Животни вештини се целосно релизирани. Континуирано се реализирани дополнителна и додатната настава, во согласност со потребите на учениците, а согласно со програмата.

Во првото полугодие од учебната година посебно се посвети внимание на примена на современи техники во наставата заради поголема мотивираност на учениците, нивно активно вклучување во наставниот процес со цел полесно совладување на наставните содржини.

**Од извештајот за реализацијата на Наставниот план и програма во предметна настава, констатирана е следната состојба:**

Наставниците од предметна настава во целост го имаат реализирано наставниот план.

Релизирани се сите планирани програмски цели од Животни вештини, во голем број интегрирани со програмските цели по повеќе наставни предмети.

Континуирано се реализирани дополнителна и додатната настава, во согласност со потребите на учениците, а согласно со програмата.

## Настава

### Вид на настава

Во првото полугодие во учебната 2025/2026 година во ООУ,,Свети Климент Охридски ", се организираше:

- настава по задолжителни предмети;
- изборна настава;
- додатна настава;
- дополнителна настава;

### Организација на задолжителната настава

Наставата се организираше и изведуваше според програми за задолжителни и изборни предмети што се изучуваат по одделенија, според наставниот план за основното училиште.

Наставата по задолжителните предмети претставува содржинска основа на основното училиште, со која се овозможува вертикална проодност за продолжување на школувањето на учениците во средното образование.

Застапеноста на наставните предмети во наставата по одделенија и неделниот фонд на часови за секој наставник и предмет беа утврдени со наставниот план.

Наставата се одвива во една смена и започнува во 8.00 часот. Како задолжителен странски јазик се реализира англискиот јазик за учениците од прво до деветто одделение, а како втор задолжителен јазик за учениците од шесто до деветто одделение се реализира француски јазик.

### Одделенско раководство

Во реализација на воспитно образовната дејност на училиштето учествуваат директор, психолог, педагог, библиотекар, мобилен дефектолог,
11 наставници во предметна настава, 16 наставници во одделенска настава, 2 наставници во продолжен престој.

Програмите за работа на одделенските раководителиод прво до деветто одделение во кои се содржат активности кои се реализираат на одделенските часови, се изготвуваат до крајот на месец август.

Во одделенска настава, наставата ја изведуваа следните наставници:

| Р.бр. | Име и презиме | Одделение |
|---|---|---|
| 1 | Љубица Нацева | 1а |
| 2 | Маја Димковска | 1б |
| 3 | Вера Атанасова | 1в |
| 4 | Весна Пенева | 2а |
| 5 | Радмила Р. Искова | 2б |
| 6 | Ивана Јакимовска | 2в |
| 7 | Анета С.Трајковска | 2г |
| 8 | Александра Н. Бадаровска | 3а |
| 9 | Даниела С. Кочијева | 3б |
| 10 | Весна Ивановска | 3в |
| 11 | Даниела Пижевска | 4а |
| 12 | Елеонора Милошевска | 4б |
| 13 | Анета Утковска | 4в |
| 14 | Сузана Младенова | 5а |
| 15 | Мирослав Митиќ | 5б |
| 16 | Маја Дрндаревска | 5в |
| 17 | Симона Тодоровска | продолжен престој |
| 18 | Ивана Доневска | продолжен престој |

Во предметна настава одделенското раководство во оваа учебна година го изведуваа следните наставници:

| Р.бр. | Име и презиме | Одделение |
|---|---|---|
| 1 | Јоана Искова | 6а |
| 2 | Оливера Костадинова | 6б |
| 3 | Јасминка С.Вељковска | 6в |
| 4 | Ружица М. Кикерекова | 7а |
| 5 | Маја Автовска | 7б |
| 6 | Виолета Николова | 7в |
| 7 | Марина Ѓорѓиева | 8а |
| 8 | Катерина Николовска | 8б |
| 9 | Виолета Јосмова | 8в |
| 10 | Маја Ристовска | 9а |
| 11 | Мариана Стрезовска | 9б |

Наставната програма од I - IX одделение се реализираше по моделот на Активна настава. Во оваа учебна година во училиштето во првото полугодие се спроведуваа активности од следните проекти:

- Примена на ИКТ во наставата,
- Компјутерска настава во одделенската настава,
- Зајакнување на капацитетите семејствата (во соработка со СОС детско село Македонија-советодавен центар за родители и деца),
- Образование за животни вештини,
- Е- дневник во наставата,

- Користење на Информационен систем за управување со Образованието (ЕМИС),
- Превенција на насилното однесување во основните училишта во Република Македонија во соработка со МВР,
- Математика со размислување,
- Јазична писменост во почетните одделенија,
- МИО- Мултиетничка интеграција во образованието,
- УСАИД -Со читање до лидерство.

## Изборна настава

Изборната настава се нуди во училиштето со цел да им се овозможи на учениците да ги прошират своите знаења и да ги развијат индивидуалните способности по одредени предмети. Со воведувањето на новата концепција во образованието, се става акцент на потребите и интересите на учениците од најрана возраст со цел изразување на нивната индивидуалност и афинитети кон одредена група на предмети. Изборните предмети се бираат преку однапред одредена процедура, во која е вклучено анкетирање на родителите.

Изборни предмети кои се изучуваа во текот на првото полугодие во учебната 2025/2026 година се следните:

| Одделение/паралелка | Изборен наставен предмет |
|---|---|
| IV а | Образование за животни вештини |
| IV б | Образование за животни вештини |
| IV в | Образование за животни вештини |
| V а | Градење интерперсонални односи |
| V б | Разрешување конфликти |
| V в | Разрешување конфликти |
| VI а | Театар – уметност на емоции |
| VI б | Мултикултурни работилници |
| VI в | Мултикултурни работилници |
| VII а | Основи на веб развој |
| VII б | Извидништво |
| VII в | Воведување во историјата на ликовната уметност |
| VIII а | Напредна музичка писменост и изведбени активности |
| VIII б | Одбојка |
| VIII в | Напредна музичка писменост и изведбени активности |
| IX а | Проекти од ликовната уметност |
| IX б | Нашата татковина |

Одговорен наставник
Бојан Јовановски

## Дополнителна и додатна настава

Во нашето училиште според Законот за основно деветгодишно образование и годишните програми за работа на наставниците се планираше и реализираше дополнителна настава со учениците кои имаат потешкотии во учењето и послабо напредуваат и додатна настава со подобрите и талентирани ученици според Наставниот план за основно деветгодишно образование во учебната 2025/2026 година.

Дополнителна и додатна настава со учениците од одделенската настава како и со учениците од предметната настава се изведуваше најчесто по сите предмети според планираното и распоредот на наставниците кој беше истакнат на почетокот на учебната година.

Според процентот на реализација се забележува дека додатната и дополнителната настава во нашето училиште редовно се изведуваше. За ова подрачје од наставата наставниците водат уредна евиденција во Е-Дневникот, а учениците и родителите се претходно информирани за распоредот и термините на реализација.

Одговорен наставник
Јоана Искова

## Употреба на ИКТ во наставата

Во текот на првото полугодие од учебната 2025/2026 година, во училиштето се реализираше планирана и континуирана примена на информатичко-комуникациската технологија (ИКТ) во наставниот процес. Наставниците од одделенска и предметна настава изготвија план за користење на ИКТ во наставата, кој содржеше податоци за наставникот, одделението, наставниот предмет, наставните содржини, времето на реализација и вкупниот број на часови предвидени за реализација во текот на полугодието.

Примената на ИКТ во наставата беше застапена во повеќе наставни предмети. Во одделенската настава, ИКТ најчесто се користеше на часовите по македонски јазик, математика, општество и природни науки, додека во предметната настава примената беше присутна на часовите по математика, физика, хемија, географија, биологија и други наставни предмети. При реализацијата на наставните активности, наставниците користеа компјутери, мултимедијални презентации, проектори и интерактивни табли, со што се овозможи појасна презентација на наставните содржини.

Во текот на полугодието, планираните часови со примена на ИКТ беа реализирани согласно предвидената динамика. Користењето на современи дигитални алатки придонесе за зголемена мотивација и активна вклученост на учениците, како и за поефикасно усвојување на наставните содржини. Наставниците континуирано ги следеа ефектите од примената на ИКТ и ја унапредуваа наставната практика во насока на зголемување на квалитетот на наставниот процес.

Одговорен наставник
Теодора Мијова

## Оценување

Мерењето на ученичките знаења во училиштето се вршат со примена на современи техники и инструменти како што се : тестови на знаења, контролни, тематски, полугодишни тестови и други инструменти.

Оценката е јасна, јавна и образложена на секој ученик и наставниот кадар е задолжен за секој ученик и секоја добиена оценка да се извести родител/старател. Во мерењето на ученичките знаења во даден момент и по потреба се вклучуваат и ученици во зависност од реализацијата на соодветна наставна содржина и соодветен наставен предмет. Исто така и родителот/старател како активен субјект во воспитно-образовниот процес зема учество и активности во зависност на потребите на училиштето.

## Вонаставни активности и натпревари

Во првото полугодие од учебната 2025/2026 година предвидените вонаставни активности во целост се реализирани. На почетокот на учебната година беше спроведена анкета меѓу учениците и имаа можност да се изјаснат во која секција сакаат да членуваат според нивни интереси. Секој ученик доби можност да се вклучи во секција, но имаше ученици кои не сакаат да се вклучат бидејќи се организирале вон училиште. По спроведената анкета учениците беа вклучени во секција од страна на наставниците. Реализираните активностите беа презентирани во училишната аула, на ФБ и ВЕБ страната на училиштето. Во повеќето вонаставни активности беа вклучени и родителите, со цел правилно насочување на учениците и јакнење на триаголникот наставник- ученик- родител.

Во текот на првото полугодие реализирани се следните активности:

| Реализирани вонаставни активности | Дата |
|---|---|
| Приредба по повод поаѓање на првачињата на училиште | 1.9.2025 |
| Одбележување на 8 Септември –Ден на независноста на РСМ | 8.9.2025 |
| Работилница на тема ,,Меѓуврсничко насилство " во III-б одд во соработка со родителот Ивана Рајчиќ Бошковска | 18.9.2025 |
| Балетска претстава ,,Петар Пан " во Македонска опера и балет (ученици од 3 и 4 одд) | 22.9.2025 |
| 26 Септември – Европски ден на јазиците – одбележан со учениците од одделенска и предметна настава | 26.9.2025 |
| Европска недела на спортот реализиран од наставниците по ФЗО | 29.9.2025 |
| Посета на Сеизмолошка опсерваторија во Скопје со учениците од 5 одд. | 3.10.2025 |
| Активности по повод Денот на учителот | 5.10.2025 |
| Работилница реализирана од страна на училишниот педагог на тема: „Стоп за меѓуврсничкото насилство – Избери пријателство!“ во 9б одделение. | 6.10.2025 |
| Месец Октомври месец на Жената и спортот одбележан со активности во нашето училиште и надвор од него со учениците од предметна настава реализираа пријателски натпревар во одбојка со учениците од ООУ,,Ацо Шопов" | 10.10.2025 |
| Активности по повод 11Октомври- Ден на народното востание со учениците од предметна и одделенска настава | 10.10.2025 |
| Одбележување на детска недела со учениците од 1 одд. | 6-10.10.2025 |

| | |
|---|---|
| На часовите по историја реализирано е предавање за Македонската Револуционерна Организација, за нивните цели и вековни идеали и борба за слободна и независна Македонија. | 23.10.2025 |
| Хуманитарна акција по повод недела на борба против гладта, во соработка со Црвен Крст. Акцијата е координирана од наставникот по ФЗО, Марјанчо Дамјановски со одделенските и класни раководители. | 24.10.2025 |
| Учениците од третите одделенија ја претворија лектирата во уметност! „Шеќерна приказна“ ни покажа дека книгите не се само букви, туку светови што ги градиме со срце, фантазија и насмевка. | 24.10.2025 |
| Еднодневен есенски излет во околината на манастирот Свети Илија с. Мирковци за ученици од одделенска и предметна настава. Учениците беа во придружба на одделенски и предметни наставници. | 30.10.2025 |
| Учениците од петто одделение ја обработуваат темата за типови на релјеф - вулкански, пустински, карстен, речен, леднички и нивното формирање преку изработка на модели и макети со глина на часовите по природни науки со предметната наставничка Љупка А. Таневска | 31.10.2025 |
| Учество и освоено трето место на Ученичка квизотека организирана од страна на Детски културен центар - Карпош. Учениците од IX одделение беа во придружба на предметниот наставник Маја Ристовска. | 7.11.2025 |
| Учениците од одделенска настава имаа можност да ја проследат симфонијата за деца „ПЕТРЕ И ВОЛКОТ“ во концертната сала на македонската филхармонија. Учениците беа во придружба на нивните наставници. | 7.11.2025 |
| Учениците од II А одделение за потребите по предметот природни науки направија истражување: „Од семе до растение“ во период од 20.10.2025 до 11.11.2025 со нивната одделенска наставничка Весна Пенева. | 11.11.2025 |
| На светското првенство во танц што се одржа во Љубљана, Словенија 🇸🇮, македонските танчери од студиото Eureka Dance Company освоија прво место на светскиот куп (WORLD CUP). Титулата е освоена во конкуренција од 4300 учесници од 32 држави.<br>Дел од шампионскиот тим беше и нашата ученичка Матеа Чолкова од IX Б одделение. Честитки и многу понатамошни успеси! | 10.11.2025 |
| Преку истражување и дискусија ги оживеавме спомените за старо Скопје и ги зачувавме во проектот Скопје низ историјата.<br>Историската секција со предметниот наставник по историја Катерина Николовска преку презентација ни ја доловија историјата на градот Скопје, по повод 13 Ноември, Денот на ослободување на градот од фашистичка окупација. | 13.11.2025 |
| Детските зборови ја кажаа најголемата вистина – Скопје се сака со срце!<br>Нашите ученици од V Б одделение заедно со нивниот наставник Мирослав Митиќ, го одбележаа Денот на ослободувањето на Скопје – 13 Ноември со прекрасни пораки полни љубов, гордост и радост. | 13.11.2025 |
| Учениците од II В одделение преку креативни творби -цртежи и песничка го одбележаа 13 Ноември, Ден на ослободување на Скопје. | 13.11.2025 |
| Го одбележуваме месец ноември со активности на наставниците по ФЗО кои организираат „Игри без граници“ под покровителство на Национална федерација за спорт за сите на Република Северна Македонија. | 14.11.2025 |

| | |
|---|---|
| Учениците од петто одделение по предметот природни науки со предметниот наставник Љупка А. Таневска ја проучуваа градбата на цветот, а преку нативен микроскопски препарат го набљудуваа поленот. | 17.11.2025 |
| Меѓународниот ден на толеранцијата- одбележан со учениците од 3 одд. и наставничката по англиски јазик Светлана Стојкова | 16.11.2025 |
| Регионален противпожарен квиз - натпревар во организација на Противпожарен сојуз на град Скопје, на кој учениците Ива Димитрова, Ева Димитрова и Јована Јакимовска од IX А одделение го освоија првото место. Честитки до учениците и нивниот ментор, предметниот наставник Маја Ристовска. | 18.11.2025 |
| Обука на тема „Побезбеден интернет“ за ученици од седмо и осмо одделение, како и за колективот наставници, стручни соработници и образовни асистенти. | 19.11.2025 |
| На часот по природни науки во III В одделение гостуваше родителот Александра Стојковска, аптекарка, која подобро ги запозна учениците со професијата, а исто така поопширно им ја објасни важноста на витамините и минералите за нашето здравје, нивната достапност во храната, како да се заштитат од вируси и бактерии, улогата на лекарот и аптекарот за лекување на болестите. | 24.11.2025 |
| Учениците од II Б одделение за обработка на лектирата „Касни-порасни“ изработија маски и рецитираа стихотворби за своето омилено овошје. | 26. 11.2025 |
| Ученици од I до IX одделение денес си ги подигнаа наградите што ги добија од наградната игра во организација на Тримакс. Дел од наградите вклучуваа сликовници, училишни прибори, атласи, енциклопедии, сметалки, лектири но и вредносен ваучер од 6000 денари за најсреќниот добитник. Честитки за сите добитници! | 27.11.2025 |
| Учениците од IV А одделение на часот по англиски јазик изработија работни листови за Денот на благодарноста, активност која ги поттикнува учениците на запознавање на културите од светот. | 27.11.2025 |
| Инклузивната танцова претстава „Сонот на едно дете“ во изведба на Eureka Dance Company. Претставата се одржа во просториите на Националната опера и балет. | 1.12.2026 |
| На часовите по физика во IX одделение на практичен начин се изучува дел од теоријата со изведба на експерименти. Во експериментот е демонстрирана појавата конвекција, со помош на хартија исечена во облик на спирала и пуштен топол воздух одоздола, од парно греење се забележува струењето на воздухот. | 1.12.2026 |
| Учениците од IV В одделение со нивната одделенска наставничка Анета Утковска и образовниот асистент Ивана Тасевска на креативен начин го одбележаа 3 Декември, Меѓународен ден на лицата со попреченост, со изработка на постер насловен „Отпечатоци на инклузија - сите сме еднакви“. | 3.12.2025 |
| Нашите ученици од одделенска настава со нивните наставници реализираа активности за Денот на училиштето , 8 Декември. Ликовни творби, стихотворби и рецитали, меѓуодделенски натпревари се дел од активностите кои беа реализирани на денешните часови. | 4.12.2025 |
| Под мотото „Со почит кон минатото, учиме за иднината“ нашето училиште го одбележа патрониот празник со вечерна претстава и голем | 4.12.2025 |

| | |
|---|---|
| број на гости од локалната самоуправа, градот Скопје, Министерството за образование, но и гости од странство како и родители и ученици.<br>Обраќање пред присутните имаа градоначалникот на општина Бутел, Дарко Костовски и директорката на училиштето Снежана Петреска, кои го честитаа празникот и ни посакаа уште многу успешни денови.<br>Самата претстава се состоеше од низа активности подготвени од тим наставници од нашето училиште. Учениците низ песни, рецитали и ритмички точки се претставија во најдобро светло. | |
| „Светлината на знаењето што ја запалил Св. Климент продолжува да свети низ вековите, водејќи ги генерациите кон мудрост и просвета."<br>Учениците под раководство на наставничката по историја Катерина Николовска применувајќи современи методи на работа, со помош на Вештачката интелегенција (ВИ) „патуваа“ низ времето,„разговараа“ и „поставуваа“ прашања на важни историски личности и изработија презентација за патронот на нашето училиште Св.Климент Охридски. | 5.12.2025 |
| Учениците од одделенска и предметна настава со нивните наставници по македонски јазик, француски јазик, ликовно и физичко образование реализираа разновидни активности во склоп на наставната програма, како и за Денот на училиштето. Ликовни творби, стихотворби и рецитали, постери и меѓуодделенски натпревари по ФЗО се дел од активностите кои беа реализирани на часовите. | 5.12.2025 |
| По повод Месецот на науката во текот на часовите по физика, хемија, биологија и природни науки учениците изведуваа различни обиди и експерименти за покажување на различните видови движења, дејството на различните видови сили, моделираа и изработуваа молекули, играа домино со хемиски симболи и демонстрираа циркулација на екскреторен систем. Експериментите беа надгледувани од предметните наставници Јоана Искова, Јасминка С. Вељковска, Владимир Костовски и Љупка А. Таневска. | 6.12.2025 |
| На часовите од други активности креативците од II А одделение преку групна работа со взаемна соработка и договор, сложно изработија интересни роботи од различни видови на хартија и други материјали. | 9.12.2025 |
| За темата семиња и плодови, учениците од петто одделение со нивната наставничка по природни науки Љупка А. Таневска изработија постери и истражуваа на практичен начин како се одвива процесот во кој семе се оформува во плод. | 15.12.2025 |
| Во организација на советот на родители од нашето училиште и во соработка со црвениот крст - огранок Чаир, изминатите денови се спроведе хуманитарна акција за собирање финансиски средства за помош на лице со потешка здравствена состојба.<br>Исто така, минатата недела се одбележа 5 Декември, Светскиот ден на волонтери и соработници, при што на свечена манифестација беше доделена благодарница на наставникот по ФЗО Марјанчо Дамјановски, за неговиот ангажман и соработка со црвениот крст. | 17.12.2025 |
| Учениците од IV одделение изведоа драматизација на тема „Дедо Мраз и вештерката“. | 29.12.2025 |
| Новогодишниот базар во холот на училиштето. | 29.12.2025 |
| Крајот на првото полугодие учениците од III Б одделение го прославија со забава на која им се придружи и кловн, со што игрите и танцувањето | 30.12.2025 |

| | |
|---|---|
| добија една убава, забавна димензија. Благодарност до родителот Тања Неделчина за одвоеното време и труд да им се направи денот на учениците интересен и забавен. | |
| | |

**Училишни натпревари**

Во Првото полугодие од учебната 2025-2026 година беа одржани следните натпревари:

1. На 22 Ноември 2025 год на Природно – математички факултет во Скопје се одржа Државен натпревар ,,Ноември несец на науката" на кој учествуваа 6 ученика од V одд. по Природни науки и 6 ученика од VII, VIII и IX одд по Билологија под менторство на наставничката Љупка Ангеловска – Таневска и ги освоија следните резултати:

Природни науки:

1. Максим Пешевски V-б одд. -II Награда
2. Теон Стефков V-а одд. -II Награда
3. Јаков Илиевски V-в одд. -III Награда
4. Ивона Најдовски V-б одд. -III Награда
5. Дамјан Динковски V-б одд. -III Награда
6. Марко Петров V-б одд. -III Награда

Биологија :

1. Никита Димитријов VII – в одд - II Награда
2. Матеј Савовски VIII -в одд. - II Награда
3. Ева Илиевска IX -а одд.- III Награда
4. Сабина Шаќировиќ IX -а одд.- III Награда
5. Мелани Петрова IX -б одд.- III Награда
6. Јована Јакимовса IX -а одд.- III Награда

2. На 13.12.2025 година учениците од V до VII одделение учествуваа на IQ Challenge Mind Masters во организација на ОУ„Јахја Ќемал". Учениците беа во придружба на наставничките Јоана Искова и Маја Автовска. Учениците добија сертификати за учество.
   1. Бојан Петров V-в одд
   2. Мина Гиова V-в одд.
   3. Ѕвездан Атанасов VI- а одд
   4. Илина Стојковска VI-б одд
   5. Ангела Димитријов VI-б одд
   6. Илина Васовска VI-б одд
   7. Ана Стојановиќ VI-б одд
   8. Марија Костовска VI-б одд
   9. Илина Младеновска VI-в одд
   10. Илина Арсов VI-в одд
   11. Ангела Манчевска VI-в одд

12. Никота Димитријов VII-в одд

3. На 18.11.2025 година се одржа регионален противпожарен квиз - натпревар во организација на Противпожарен сојуз на град Скопје, на кој учениците Ива Димитрова, Ева Димитрова и Јована Јакимовска од IX А одделение го освоија првото место. Под менторство на предметниот наставник Маја Ристовска.

4. Учество и освоено трето место на Ученичка квизотека организирана од страна на Детски културен центар - Карпош. Учениците Јована Јакимовска IX -а одд, Ева Илиевска IX-а одд и Мелани Петрова IX-б одд беа во придружба на предметниот наставник Маја Ристовска.

5. На 28.10.2025 година ученичката Ања Искова од IV А одделение учествуваше на ,,Награден Ликовен Конкурс " за деца на возраст помеѓу 5 и 9 год. кој го организираше robotics education.op и освои награда за учество на истиот.

Одговорен наставник
Анета Утковска



Училишното ѕвоно го означи почетокот на првиот училишен ден за сите ученици. Во нашето училиште смело зачекорија и нашите првачиња. Беше подготвена кратка манифестација на која пред присутните се обратија градоначалникот на општина Бутел, Дарко Костовски и директорката на училиштето Снежана Петреска, кои посакаа успешен почеток на сите ученици. За сите првачиња беа подготвени и подароци од градоначалникот- анатомски ранци и училишен прибор.



Одбележан е 5 Октомври - Светскиот ден на учителот. За оваа пригода, активот по англиски јазик подготви неколку активности со учениците, како што се изработки, интервјуа со наставниците, како и видео пораки од учениците.







Го одбележавме месец октомври - Жената и спортот со активности во и надвор од нашето училиште. Ученици од предметна настава реализираа пријателски натпревар во одбојка со ученици од ООУ „Ацо Шопов“. Учениците беа придружени од наставничката по ФЗО, Изабела Апостолоска.





Активностите за денот на училиштето „Свети Климент Охридски“ (8 Декември) беа заокружени со под мотото „Со почит кон минатото, учиме за иднината“. Нашето училиште го одбележа патрониот празник со вечерна претстава и голем



број на гости од локалната самоуправа, градот Скопје, Министерството за образование, но и гости од странство како и родители и ученици.





Обраќање пред присутните имаа градоначалникот на општина Бутел, Дарко Костовски и директорката на училиштето Снежана Петреска, кои го честитаа празникот и ни посакаа уште многу успешни денови.



Самата претстава се состоеше од низа активности подготвени од тим наставници од нашето училиште. Учениците низ песни, рецитали и ритмички точки се претставија во најдобро светло.





По повод Месецот на науката во текот на часовите по физика, хемија, биологија и природни науки учениците изведуваа различни обиди и експерименти за покажување на различните видови движења, дејството на различните видови сили, моделираа и изработуваа молекули, играа домино со хемиски симболи и демонстрираа циркулација на екскреторен систем. Експериментите беа надгледувани од предметните наставници Јоана Искова, Јасминка С. Вељковска, Владимир Костовски и Љупка А. Таневска.





На 29.12.2025 година успешно беше реализиран Новогодишниот базар во холот на училиштето. Базарот беше организиран од страна на одделенските и класни раководители, во соработка со советот на родители.

Насмевки на лицата на учениците, присуството на голем број на родители и други гости придонесоа за убава и раздвижена атмосфера во училиштето.



Одговорен наставник
Бојан Јовановски

**Реализирани екскурзии/ посета на знаменитости и установи**

**Реализирани екскурзии**

На ден 30.10 2025 година, се изведе еднодневен есенски излет во Мирковачки манастир „Свети Илија“- Скопје, со учениците од I-IX одделение. Учениците имаа можност да се запознаваат со културно-историското и верското наследство,развивање почит кон традицијата и духовните вредности,поттикнување еколошка свест и љубов кон природата ,рекреација и социјализација во природна средина. Екскурзијата се реализира со 10 автобуси со туристичката агенција ,, Виста турс,,. Поаѓањето беше во 8.30 од училиште. Учениците беа сместени во дворот на манастирот Свети Илија. Враќањето беше во 14 часот пред училиште, на лицето видливо беше расположението на децата од прекрасно поминатиот ден.

**Посета на установи**

**Управа за хидрометеоролошки работи.**

Учениците се запознаа со работата и значењето на хидрометеоролошката служба,ги проширија знаења за временските појави и климата, го поттикнаа интересот за природните науки, ја развија свеста за заштита од природни непогоди.

**Општина Бутел**

Учениците се запознаваа со работата на локалната самоуправа. Открија како функционира локалната заедница.

**Балетска претстава ,,Петар Пан "** - Македонска опера и балет.
Кај учениците се поттикна интерес за балетската уметност.

**Инклузивната танцова претстава „Сонот на едно дете**“ во изведба на Eureka Dance Company. Претставата се одржа во просториите на Националната опера и балет.
Развивање свест кај учениците за инклузија и прифаќање различности,поттикнување емпатија и толеранција.

**„ПЕТРЕ И ВОЛКОТ“** во концертната сала на македонската филхармонија. Учениците се запознаваа со симфониската музика.

**Посета на Сеизмолошка опсерваторија во Скопје** .
Учениците се запознаа со појавата земјотрес.

Одговорен наставник
Вера Атанасова

**Грижа за здравјето на учениците**

1. Грижа за здравјето на учениците

1.1. Хигиена во училиштето

И оваа учебна година приоритет на нашето училиште ќе биде обезбедување чиста и здрава средина и околина за сите.

Преку советодавна работа, училишни акции, предавања, работилници и слично ќе се поттикнува свеста кај учениците за одржување на личната и општата хигиена.

Дежурните наставници за време на одморите, хигиено-техничкиот персонал и сите други субјекти и за време на часовите ќе се грижат и интервенираат во однос на хигиената во училиштето и училишниот двор. Заштитата и унапредувањето на здравјето на учениците е обврска на сите ученици и вработени во училиштето, во непосредна соработка и поддршка од родителите, здравствената служба и пошироката заедница. Тоа влијае на унапредување на здравјето и благосостојбата на сите, при што ќе се негува здрав стил на живеење.

1.2. Едукација за здрава исхрана

Едукацијата на учениците за здрава храна се реализира преку едукативни предавања од здравствени работници и експерти од таа област, кои се реализираат во воннаставните активности. Покрај тоа, и наставниците на часот на одделенската заедница обработуваат теми за здрава храна. Истотака, на редовните часови обработуваат содржини поврзани со здравиот начин на исхрана и живеење (биологија, природни науки, унапредување на здравјето како изборен предмет).

Свесноста за важноста од здравата исхрана како важен фактор за здравјето на учениците ќе се поттикнува преку предавања и работилници кои ги организира училиштето во соработка и поддршка на родители, индивидуални совети за учениците.

1.3. Систематски прегледи

Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од: I, III, V, VII и IX одделение, кои опфаќаат: мерење висина и тежина, проверка на вид, проверка на ’рбетниот столб и локомоторниот систем, лабораториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба).

Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат за учениците од I до VI одделение, како и залевање на забите, откривање деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во картон. За сите прегледи навремено се информирани родителите и тие се изведуваат во амбулантата на училиштето во присуство на одделенските раководители и родителите на учениците од помалата возраст.

При запишувањето на децата во прво одделение задолжително се доставува и потврда за имунизација, офталмолошки и стоматолошки преглед за детето како услов за запишување. Во текот на целата учебна година на учениците им се одржуваат предавања и работилници за оралната хигиена.

Сите вработени еднаш годишно одат на санитарен преглед, а на секои две години на систематски преглед.

1.4. Вакцинирање

Имунизација (вакцинација) се врши за ученици од одделенска и предметна настава. Опфатени ученици за вакцинација и имунизација се учениците од I, II, VI, VIII и IX одделение. Имунизацијата се врши во Диспанзерот за школска медицина при Поликлиника Чаир во присуство на родителите и одделенските раководители. Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство, Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

За учениците од I одделение со навршени шест години - ревакцина MRP (морбили, рубеола, паротит), II и III одделение - ревакцина DT Polio (дифтерија,тетанус) и „манту“ тестирање за ТВС. По добиените резултати од проверката следува вакцина. Учениците од VII одделение примаат вакцини за детска парализа и тетанус по кои следуваат ревакцини. Во периодот до 12-13 години следуваат вакцини (втора и трета доза) од веќе примените, а за девојчињата HPV-хуман папилома вирус-инфекции (три дози во одреден период) за кои се известуваат ученичките и родителите кои ја примиле првата доза.

Во IX одделение - само девојчињата се ревакцинираат од рубеола, а сите ученици од: детска парализа, дифтерија и тетанус во дози и ревакцина.

Одговорно лице од училиштето кое ги информира родителите, преку одделенските раководители, за спроведувањето на редовните систематски прегледи и вакцинации е педагогот на училиштето.

Сите вработени еднаш годишно одат на санитарен преглед, а на секои две години на систематски преглед.

| Санитарен, систематски преглед и вакцинација | Дата на реализација |
|---|---|
| Систематски преглед и вакцинација (МРП) на ученици од Iа, Iб и Iв во Поликлиника Чаир. | 24.09.2025 год. |
| Систематски преглед и ревакцина (Дифтерија, Тетанус и Детска парализа) на ученици од IIа, IIб, IIв и IIг во Поликлиника Чаир. | 15.12.2025 год.<br>16.12.2025 год. |
| Систематски преглед и вакцинација (HPV-прва доза) на девојчиња од VIIа, VIIб и VIIв во Поликлиника Чаир. | 14.10.2025 год. |
| Систематски преглед и вакцинација (HPV-втора доза) на девојчиња VIIIа во Поликлиника Чаир. | 14.11.2025 год. |
| Санитарен преглед за вработени во училиштето. | 26.12.2025 год. |

Одговорен наставник
Љупка А.Таневска

## Подршка на учениците

Успехот на учениците на крајот од првото полугодие.

Во текот на првото полугодие во учебната 2025/2026 година се следеа анализираа и споредуваа постигнувањата на учениците.

Во врска со овој приоритет во училиштето се превзедоа соодветни стручни активности и тоа :

Обработка на стручни теми, практични часови како и реализација на повеке едукативни работилници и семинари кои беа во врска со унапредување во наставата.

Средниот успех на ниво на училиште во првото полугодие (од IV до IX одделение) изнесува 4,30.

Споредба со предходните две учебни години :

| Учебна година | 2023/2024год. | 2024/2025год. | 2025/2026год. |
|---|---|---|---|
| Успех | 3,87 | 3,87 | 4,30 |

## Следење и унапредување на воспитно-образовната дејност

Целта на следењето, унапредувањето и вреднувањето на воспитно образовната дејност на училиштето е да се обезбеди стручен приод во анализирањето и проценувањето на педагошкиот квалитет на дејноста што ја остварува училиштето и на резултатите што се постигнуваат и врз основа на тоа да се осмислуваат конкретните мерки и стручни активности за постојано осовременување и квалитетно подобрување на воспитно-образовната работа.

- во училиштето има воспоставено систем на постојано следење и прибирање на емпириски податоци за воспитно - образовната работа што се остварува преку наставата и низ другите подрачја во воспитно образовната дејност;
- има изработено акционен план за следење на работата во училиштето
- се води педагошко досие и педагошки картон за наставниците
- се следи професионално портфолио за секој наставник.

## Извештај за работата на Ученичкиот парламент

Во текот на учебната 2025/2026 година, Ученичкиот парламент ги реализира активностите според годишниот план и програма. Состаноците на УП се одржаа во консултации со одговорните наставници Сузана Младенова и Санда Миева.

Ева Илиевска од IXа одд. е претседател на училишниот парламенет, а училишен правобранител во рамките на УП беше избрана Ена Ицковска од IXб одд. За записничар беше избрана ученичката Јована Јакимовска од IXа одд. Парламентот брои 27 членови (претседателите од сите одделенија од прво до деветто одделение).

Во текот на полугодието се одржаа 4 состаноци на кои членовите на УП дискутираа за актуелните настани во училиштето и нивно ангажирање во истите, за реалните потреби на учениците за секоја паралелка посебно и за сите ученици во училиштето. Членовите на УП активно учествуваа во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците и организираа активности за врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби.

Во рамките на одржаните состаноци членовите на УП даваа предлози за вонаставни активности, за подобрување на ученичкиот стандард.

Активностите на УП беа забалежителни и на полето на хуманоста , организирајќи хуманитарни, еколошки активности како и во општествено корисна работа преку различни активности.

Претседателот на УП достојно ги застапуваше интересите на учениците и ова полугодие и се залагаше за исполнување на сите дадени предлози.

Одговорни наставници
Сузана Младенова
Санда Миева

## Извештај за работата на Детска организација - Ученичка организација

**Период:** Септември – Декември, учебна 2025/2026 година
Ученици од I до V одделение

Во текот на првото полугодие, Детската организација работеше на остварување на својата основна мисија – поттикнување на ученичкото здружување, развој на демократски вредности и зајакнување на иницијативата кај децата. Сите активности беа реализирани преку ученичките заедници во соработка со одделенските раководители.

Активности – Септември – Декември

1. Формирање ученички заедници по паралелки (II-V одд.). Секоја паралелка избра свое раководство: претседател, благајник и хигиеничар.
- Учениците се запознаа со своите права и должности. Избраните лидери ја презедоа одговорноста за претставување на интересите на своите соученици.
2. Одбележување на 8 Септември и 11 Октомври.
- Се организираа литературни читања и ликовни изложби на тема „Татковината во моите очи“.
3. Детска недела – Прием на првачиња во детска организација
- Запознавање со значењето со детска недела и детската организација со правата и обврските на децата преку креативни активности.
4. Одбележување на Денот на ослободувањето на Скопје (13 Ноември), Денот на ООН и Денот на албанската азбука
- Запознавање со значењето на Денот на ослободување на Скопје 13 Ноември, проширување на своите знаења со одбележувањето на Денот на ООН, развивање на толеранција и меѓусебно почитување на различните култури, преку презентации и низа активности.
5. 3 Декември – Ден на лицата со попреченост – Следење на Инклузувна танцова претстава ,,Сонот на едно дете".
- Учениците ја увидоа вредноста на пријателството и соработката меѓу децата со и без попречености. Можат да го опишат чувството на емпатија кон ликовите или танчерите.
6. Подготовки и одбележување на Денот на училиштето – 8 Декември
   Активности за ликот и делото на Св. Климент Охридски
- Зајакнување на чувството на припадност кај училишната заедница и гордост на учениците што се дел од тоа училиште.

7. Активности за прослава на Нова година
   Новогодишен базар, уредување на училишен хол и училници
- Развивање чувство за убаво и уредно опкружување.

Одговорен наставник
Елеонора Милошевска

**Извештај за работата на Црвен Крст**

Во периодот од 1.9.2025 година Црвениот крст при ООУ,, Свети Климент Охридски ги реализираше следниве активности:

На ден 8 Октомври 2025 беше одржан состанок со одговорните наставници од основните училишта и професори од средните училишта на територијата на РС Македонија –општинска организација Чаир, на која се дискутираше за спроведување а заеднички активности во текот на учебната година во рамките на годишната програма за учебната 2025-2026 година.

Во периодот од 3.10-17.10 беше одбележана неделата за борба против гладта со цел подигање на општественаа свест за донирање на храна на оние на кои таа им е најпотребна. Нашето училиште зеде активно учество со збирна акција за донирање храна која беше наменета за ученици од ранливи категории од нашето училиште.

На ден 9.12.2025 “Светски ден на волонтерството на Црвен Крст” беше покането нашето училиште и ни беше доделено благодарница за соработка и придонес.

На ден 17.12.2025 – до 21.12 се спроведе хуманитарна акција за собирање финансиски средства за помош на младо момче со тешка здравствена состојба. Нашето училиште собра и донираше одредена финансиска помош намената за лицето.

Одговорен наставник
Маријанчо Дамјановски

**Работа на стручните активи во училиштето**

Училиштето како воспитно-образовна институција покрај следењето и вреднувањето на работата во училиштето, перманентно води грижа за унапредување на наставата и за работата на стучните органи, меѓу кои важно место и улога имаат стручните активи. Во училиштето активно функционираат три стручни активи:
- Стручен актив во одделенска настава;
- Стручен актив на природна група предметии
- Стручен актив на хуманитарна група на предмети.

Училиштето и оваа учебна година даде посебно внимание на одредени активности кои се однесуваат на темите од стручните предавања, трибини, работилници и практичните часови со цел тие да бидат во функција на приоритетите на кои ќе се темели работата на училиштето во оваа учебна година.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СТРУЧЕН АКТИВ НА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА

Во првото полугодие во учебната 2025/2026 година стручниот актив на одделенски наставници во целост ја реализираше својата програма со цел унапредување и успешна реализација на воспитно образовниот процес.

На нагледните часови се покажа и докажа важноста од примената на современите техники за работа како успешен пример за стекнување и усвојување на нови знаења. После секој нагледен чассе водеше дискусија. Образложените активности предвидени со програмата беа успешно реализирани од секој одделенски наставник од оваа група според однапред предвидениот план.

Во прилог, преку табеларен приказ се приложени одржаните активности и нагледни часови:

| Активности | Цели | Реализатор | Време | Ресурси | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| Разгледување и усвојување на програмата за работа на Стручниот актив | Унапредување на воспитно-образовната работа<br>Реализација на Годишната програма за работа на Стручниот актив<br><br>Усогласување на критериуми за оценување на учениците | Членови на Стручниот актив. | Август | Предлог Годишна програма за работа на Стручен актив на одделенска настава<br>Годишни програми од 1 до 4 одделение | Примена на иновации и современа настава;<br>Стручно усовршување на наставниот кадар |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Нагледен час:<br><br>Математика<br><br>Месна вредност на цифрите | Употреба на современи техники на учење и ИКТ | Анета Утковска<br><br>Членови на стручниот актив | Септември | Стручна литература<br><br>Учебник<br><br>Компјутер | Успешна интеракактивна настава и практична примена на ИКТ содржина |
| Нагледен час:<br><br>Македонски јазик<br><br>Слушање со разбирање | Примена на современи техники на работа | Весна Ивановска<br><br>Членови на стручниот актив | Септември | Стручна литература<br><br>Компјутер<br><br>Работен лист | Успешна интеракактивна настава и современи техники |
| Нагледен час:<br><br>Природни науки<br><br>Сетила и дразби | Употреба на современи техники на учење и ИКТ | Маја Димковска<br><br>Членови на стручниот актив | Октомври | Стручна литература<br><br>Прирачници<br><br>Компјутер | Успешна интеракактивна настава и практична примена на ИКТ содржина |
| Нагледен час:<br><br>Историја и општество<br><br>Припадност на различни групи општествена / социјалана група, идентитет, национална/ државна припадност, етничка припадност на граѓани | Примена на современи методи и техники при реализација на воспитно – образовниот процес | Маја Дрндаровска<br><br>Членови на стручниот актив | Октомври | Стручна литература<br><br>Табла<br><br>Компјутер | Примена на знаења преку осовременување на наставата |
| Нагледен час:<br><br>Македонски јазик<br><br>Читање со разбирање | Примена на современи методи и техники при реализација на воспитно – образовниот процес | Сузана Младенова<br><br>Членови на стручниот актив | Ноември | Стручна литература<br><br>Компјутер<br><br>Учебник | Успешна интеракактивна настава и современи техники |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Нагледен час:<br><br>Македонски јазик<br><br>Антоними,синоним ии хомоними | Примена на современи техники на работа | Мирослав Митиќ<br><br>Членови на стручниот актив | Декември | Стручна литература<br><br>Компјутер<br><br>Табла | Примена на знаења преку осовременување на наставата |
| Нагледен час:<br><br>Македонски јазик<br><br>Слушање со разбирање | Примена на современи техники на работа | Даниела Салтирова Кочијева<br><br>Членови на стручниот актив | Декември | Компјутер<br><br>Учебник | Примена на знаења преку осовременување на наставата |

Претседател на стручен актив
Анета Стајковска Трајковска

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СТРУЧЕН АКТИВ НА ОПШТЕСТВЕНО-ЈАЗИЧНА ГРУПА НА ПРЕДМЕТИ

Во првото полугодие во учебната 2025/2026 година стручниот актив на општествено-јазичната група на предмети успешно и во целост ја реализира својата програма, застапена во сите предмети од оваа група со цел: унапредување и успешна реализација на воспитно образовниот процес.

По разгледувањето и усвојувањето на Годишната програма за работа, во месеците кои следуваа наставниците од стручниот актив на општествено-јазичната група предмети одржаа нагледни часови, а после секој час се водеше и дискусија на која наставниците ги споделуваа своите впечатоци и разменуваа мислења.

Во прилог, преку табеларен приказ се приложени одржаните активности и нагледни часови:

| **Активности** | **Цели** | **Реализатор** | **Време** | **Ресурси** | **Очекувани ефекти** |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Разгледување и усвојување на програмата за работа на стручниот актив на општествена група на предмети. | 1.Унапредува-ње на воспитно -образовната работа<br>2.Активности за спроведување и успешна реализација на Годишната програма за работа на стручниот актив | Членови на Стручниот актив. | Август | Предлог Годишна програма за работа на Стручен актив на одделенска настава Годишни програми по предмети | Имплементација на сознанијата од досегашно искуство<br>Подобрување на квалитетот на наставата и успехот на учениците |
| Нагледен час:<br>Француски јазик<br>Формално и неформално обраќање и поздравување | Употреба на современи техники на учење и ИКТ | Мариана Стрезовска<br>Членови на стручниот актив | Септември | Учебник<br>Креди<br>Компјутер<br>Стручна литература | Успешна интерактивна настава и практична примена на ИКТ содржина |
| Стручна тема:<br>”Оценување за учење во 21 век“ | Примена на современи техники на работа(Есеј)<br>Примена на самооценување | Катерина Николовска<br>Членови на стручниот актив | Октомври | Учебник<br>Креди<br>Компјутер<br>Стручна литература | Успешна интерактивна настава и современи техники. |
| Нагледен час:<br>Англиски јазик<br>Превозни средства | Идентификува ње на предвидените лексички единици кои означуваат превозни средства преку техниките Бинго и Меморија | Светлана Стојкова<br>Членови на стручниот актив | Ноември | Работни материјали<br>Видео материјали | Дискусија за размена на искуства и подобрување на наставата |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Нагледен час:<br>Англиски јазик<br>Опишување на облека. | Примена на методите и техниките за совладување на лексички единици - примена на ИКТ во наставата | Маја Ристовска<br>Членови на стручниот актив | Декември | Учебник<br>Креди<br>Компјутер<br>Стручна литература | Успешна интерактивна настава и практична примена на ИКТ содржина |
| Нагледен час:<br>Англиски јазик<br>“Обработка на граматички структури со минато трајно време – одречна и прашална форма’’ | Усвојување на граматички структури преку употреба на различни техники. | Ружица Кикерекова<br>Членови на стручниот актив | Декември | Учебник<br>Работни листови<br>Табла<br>Креда | Идеи за примена на оваа техника во друг вид на наставни содржини. |

Претседател на стручен актив
Маја Ристовска

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СТРУЧЕН АКТИВ НА ПРИРОДНАТА ГРУПА ПРЕДМЕТИ

Во текот на првото полугодие во учебната 2025/26 година беа одржани состаноци на стручниот актив на кои се дискутираше за проследените нагледни часови. Се разменија мислења во врска со темите обработени од страна на предметните наставници.

Имено, наставниците од природно-математичката група на предмети дискутираа за начините, методите и техниките за подобрување на квалитетот на наставата и реализацијата на содржините за време на чесовите.

Во прилог е табеларниот приказ на активностите.

| **Активности** | **Цели** | **Реализатор** | **Време** | **Ресурси** | **Очекувани ефекти** |
|---|---|---|---|---|---|
| -Разгледување и усвојување на програмата за работа на стручниот актив | Унапредување на воспитно-образовната работата | Членови на Стручниот актив. | Август | Предлог Годишна програма за работа на Стручен актив на одделенска настава Годишни програми | Подобрување на квалитетот на наставата и успехот на учениците; Издигање на активот на достојно ниво на стручно тело; |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | по предмети | Стручно усовршување на наставниот кадар |
| Споредба на посебните критериуми, разговор, дискусија за усогласување на истите | Усогласување на критериуми за оценување на учениците | Членови на Стручниот актив. Педагог | Септември | Критериум и за оценување Стандарди од БРО Стручна литература | Објективно оценување, примена на критериумите на оценување |
| Нагледен час:<br><br>Географија<br><br>Релјефни карактеристики на Европа | Стекнување нови знаења | Марина Ѓорѓиева<br><br>Членови на Стручниот актив. | Септември | Компјутери<br><br>Интернет<br><br>Апликации | Подигнување на квалитетот на работата на наставниците |
| Нагледен час :<br><br>Хемија<br><br>-Метали и неметали во периодниот систем | Стекнување нови знаења | Јасминка Стојанова Вељковска<br><br>Членови на Стручниот актив. | Октомври | Прирачник<br><br>Стручна литература | Подигнување на квалитетот на работата на наставниците |
| Предавање Стручна презентација<br><br>Дислексија | Успешна реализација на воспитно – образовниот процес | Ивана Крстиќ<br><br>-Членови на Стручниот актив. | Октомври | Стручна литература<br><br>Компјутери | Подигнување на квалитетот на работата на наставниците Стекнување на знаења преку осовременувањ е на наставата |
| Нагледен час:<br><br>Информатика<br><br>Учење правила за пишување документ и додавање на слики во WORD документ | Да се истакнат кооперативните техники и умеења | Теодора Мијова<br><br>Членови на Стручниот актив. | Ноември | Стручна литература<br><br>Прирачник | -Стекнување на знаења преку осовременувањ е на наставата |
| Нагледен час:<br><br>Математика Одредување членови во | Стекнување нови знаења | Владимир Костовски | Ноември | Стручна литература | Подигнување на квалитетот на работата на наставниците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| линеарни (аритметички низи) | | Членови на Стручниот актив. | | | |
| Нагледен час:<br><br>Математика<br><br>Трансформација на 2D форми со (осна симетрија, ротација, транслација) | Стекнување нови знаења | Маја Автовска<br><br>Членови на Стручниот актив. | Ноември | Стручна литература | Подигнување на квалитетот на работата на наставниците |
| Дискусија за успешна реализација на наставните планови и програми | Успешна реализација на воспитно – образовниот процес | Членови на Стручниот актив. Педагог | Декември | Извештај за успехот од првото полугодие | Насоки и идеи за подобрување на успехот |

Претседател на стручен актив
Владимир Костовски

## Извештај за работата на Советот на родители

Во текот на првото полугодие на учебната 2025/2026 година, Советот на родители одржа состаноци,на кои се избраа претседател на Совет на родители, заменик, записничар и се даде предлог за избор на комисија за понуди за екскурзии,фотографирање и осигурување.
Во текот на првото полугодие, советот на родители беше активно вклучен во активностите по повод Денот на гладта, Новогодишниот базар и други активности спроведени од страна на училиштето.

Претседател
Драгана Чолкова

## Извештај за работата на Училишен одбор

Училишниот одбор при ООУ„Свети Климент Охридски” - Скопје, Бутел работи според Деловникот за работа и Програмата за работа на Училишниот одбор.

Во првото полугодие од учебната 2025/2026 година УО е во состав од 7 члена и 2 члена од ученички парламент без право на глас.

Сите седници се редовно одржани,со мнозинство на членовите од УО, а со нив раководи претседателот на УО – Милорад Васовски. Состаноците се од отворен карактер

и по потреба присуствуваат покрај членовите на УО и Директорот, стручната служба, членови на комисии,одговорни на тимови и слично. Во овој период беа донесени одлуки за формирање комисија на јавни набавки, пописна комисија, утврдување на цени за издавање на простории, како и разгледувањето на Годишната програма за работа на училиштето и мислење до Директорот за избор на наставен кадар на определено работно време.

Одлуките кои се донесени од страна на Училишниот одбор се транспарентни и редовно се објавуваат на огласната табла.

Претседател
Милорад Васовски

## Извештај за работата на раководниот орган (директор)

Во текот на првото полугодие од учебната 2025/2026, Директорот на ООУ „Св. Климент Охридски“ – Бутел, Скопје реализираше активности преку кои се насочени кон органзирање на севкупната работа на училиштето во организација и реализација на воспитно – образовната и стручната работа и во обезбедувањето на најоптимални услови за нормално изведување на наставата. Поставените цели и задачи ги остварува во согласност со законските нормативи и Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година која е појдовна основа за успешна реализација на планирањата за оваа учебнагодина.

Работата на директорот ова полугодие беше насочена кон следните активности:

- да обезбедува услови за најефикасно давање на воспитно-образовни, научно-истражувачки, едукативни, развојни и информатички услуги;
- да обезбедува стратегија за развој на училиштето која нема да биде подложна на влијание од окружувањето и на чести промени и нестабилност;
- да обезбедува услови на организација кои ќе ги задоволат барањата на оние државни органи кои ја контролираат нејзината работа (МОН, БРО, Државен просветен инспекторат, општината и др.);
- да обезбеди континуирано користење на информатичкиот систем кој ќе овозможи ползување на достигањата кај другите, но и нудење на своите достигања во науката, воспитанието, образованието, образовната технологија;
- да делува како авторитет кој компетентно и одговорно ги води организацијата, раководењето, мотивирањето и контрола над работата. да ја следи работата на учениците и да соработува со родителите во однос на успешно решавање на проблеми и тешкотии кои ги покажуваат учениците во наставата;
- да ја следи работата на наставниците и учениците на наставните часови и да придонесува за поквалитетно планирање и одржување на наставата.

Покрај педагошко-инструктивната работа, директорот го следеше финанскиското работење на училиштето, доставување на документи за финансирање и обработка на истите, следење и реализирање на изводи, налози, чекови, уплатници, изработување на административно статистички извештаи, анализи, пресметки, изготви финансиски план и друго.

## АДМИНИСТРАТИВНО ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ

| РАБОТНИ ЗАДАЧИ |
|---|
| Изработување на концепција за изработка на Годишната програма за работа на училиштето |
| Следење и влијание врз успехот на учениците, поведението и однесувањето на наставниците |
| Следење и водење на педагошката документација на наставниците |
| Следење на реализацијата на програмите на стручните органи |
| Следење на резултатите од примената на Проектите во училиштето |

## ПЕДАГОШКО ИНСТРУКТИВНИ И СОВЕТОДАВНИ ЗАДАЧИ

| РАБОТНИ ЗАДАЧИ |
|---|
| Учество во изработка на Програмата за работа на училиштето |
| Учество во изработка на Годишни и тематски распределенија |
| Учество во реализацијата на Проектите во училиштето |
| Работа со стручните органи на училиштето |
| Соработка со стручните работници на училиштето во врска со сите прашања од воспитно - образовната работа на училиштето |
| Посета на часови со цел имплементација на новите Наставни програми во контекст на примена на проектите |
| Соработка со ученички организации и поединци |
| Учество и организирање на семинари во училиштето и надвор од него |
| Соработка со БРО за стручни прашања од областа на воспитно-образовната работа и релизацијата на проекти |
| Соработка со родителите |

## АНАЛИТИЧКО СТУДИСКИ РАБОТИ И РАБОТНИ ЗАДАЧИ

| РАБОТНИ ЗАДАЧИ |
|---|
| Изготвување и анализа на извештаи за резултатите од успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие |
| Проучување и анализа на глобалните и тематските планирања на наставниците |
| Анализа за реализација на Годишната програма за работата на училиштето |

## ДРУГИ РАБОТИ И РАБОТНИ ЗАДАЧИ

| РАБОТНИ ЗАДАЧИ |
|---|
| Обезбедување материјално- технички услови за работа на училиштето |
| Соработка со административната служба на училиштето |
| Соработка со Министерството за образование и наука |
| Грижа за хигиената на училиштето |
| Пратење и увид во финансиско-материјалното работење на училиштето |
| Насочување и давање помош во организирањето на свечености и приредби во училиштето |
| Претставување на училиштето пред соодветни органи и институции . |
| Креирање на електронска колаборативна платформа со прашања и предлози |
| Креирање профили на социјалните мрежи, форуми и дискусиони групи за комуникација меѓу наставниците, учениците и нивните родители |
| Пристапување до интернет страни со соодветни содржини кои ќе ја потпомогнат наставата |
| Предлози за иновации |
| Доставување на теми за обуки до Тимот за професионален развој на наставниците во училиштето |
| Редовни консултации за подобрување на дневните подготовки, месечни и годишни планирања и педагошка евиденција |
| Планирање и реализирање на нагледни часови и консултации за применување на нови методи и техники |
| Организирање на посети и предавање од дефектолог, психолог или педагог |
| Дисеминација на посетени семинари и обуки |

Покрај овие задачи, директорот извршува и административно- организаторски и други задачи кои се непосредно врзани со неговата работа и функција.

За успешна реализација на задачите, директорот изготвува месечна оперативна програма.

За целокупната работа се води евиденција и документација и тоа:

- дневник за работа на директорот;
- дневник за посета на наставниците;
- работа на органите во училиштето;
- работа и соработка со учениците и родителите;
- материјално-финансиско работење.

Покрај севкупните задачи, директорот на училиштето работи кооперативно, колегијално и заедничко-тимско работење за постигнување на повисоки резултати на учениците, наставниците и родителите.

Директорот на училиштето се залага за воспоставување на етички норми на однесување на релација ученик-наставник, наставник-родител, наставник-наставник, со цел подигање на културата и професионалниот однос на сите учесници во наставниот процес.

Директор
д-р Снежана Петреска

## Извештај за работата на библиотекарот

Библиотеката во ова училиште е отворена за сите.
Односно ученици, наставници, родители и сите љубителина пишаниот збор.
Учениците во текот на ова полугодие прочитаа 189 книги.

**Непосредна работа со ученици**

- Учество во дистрибуција на новите учебници на почетокот на учебната година.
-. Зачленување на учениците во училишната библиотека во одделенија и паралелки.
- Позајмување на книги и развивање на правилен однос кон книгата, библиотеката, библиотечниот фонд и инвентар.
-. Обучување на учениците за самостојно користење на училишната библиотека и други библиотеки во градот.
-. Помагање на учениците за самостојно користење на училишната библиотека и избор на книги, откривање на нивните афинитети, насочување и анимирање.
- Создавање на навики кај учениците за правилен однос кон книгата и библиотеката.
-. Развивање на наставни часови во библиотеката со паралелки од прво одделение.
-.Развивање и негување на критики и самокритички однос кон сите културни, научни, уметнички креативни и рекреативни вредности.

**Соработка со наставниците стручните соработници и родителите**

1. Корелацијата на приеми и содржини во годишните програми за работа.
2. Перманентна помош во изнаоѓање на потребниот библиотечен материјал во училишната библиотека или во други библиотеко-медијатеки или научни културни установи.
3. Презентацијата на библиотечниот материјал пред стручните активи.
4. Учество во работата на наставничкиот совет, стручните активи и советот на родители.
5. Учество во изготвување и реализација на јавните и културните манифестации во училиштето.
6. Постојана соработка на релација наставник – ученик – родител – библиотекар.
7. Соработка со родителите во развивањето на културата на читањето на децата и создавањето на лични и семејни библиотеки.

***РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ ВО УЧЕБНАТА 2025 -2026 ГОДИНА***

***СЕПТЕМВРИ***

1. Издавање и подредување на учебниците и издвојување на книги на помошните полици за слободен избор.
2. Организирање на анкета за употреба на детско списание во наставата.
3. Работилница со ученици од 5 одделение на тема: Електронски и печатени книги, предности и недостатоци.

***ОКТОМВРИ***

1. Естетско уредување на библиотеката.
2. Подготовка за прием на нови членови.
3. Спроведување на активности ви училиштето по повод Месецот на книгата.

***НОЕМВРИ***

1. Запознавање на новите членови со работата на библиотеката.
2. Организирана посета на училишната библиотека од страна на учениците од одделенска настава и водење на информативен разговор за начинот на кој работи училишната библиотека.

***ДЕКЕМВРИ***

1.Водење на картони на читатели во електронска форма.
2.Запознавање на состојбата со книжниот фонд на наставниците.
3.Подготовка за одбележување на денот на училиштето.
4.Спроведување на активност: Писмо до непознато другарче. Спроведена заедничка активност со партнер училиште ОШ „Милутин Смиљковиќ„ од Лесковац, Р. Србија.

Библиотекар
Златко Тапчановски

## Извештај за работата на училишниот (мобилен) дефектолог

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на дефектологот, од предвидените содржини и активности во ова полугодие реализирани се следните:

**1.Планирање и програмирање на воспитно-образовната работа**

-изготвување на годишна програма за сопствената работа
-изготвување месечни оперативни програми за сопствената работа со конкретизирани активности
-учество во изготвување програми за инклузивниот тим на училиштето односно изготвување на ИОП-Индивидуални образовни планови

**2.Следење и унапредување на воспитно-образовната работа со учениците со ПОП**

-следење на учениците и пружање на дополнителна стручна помош

-следење на степенот на инклузираноста на учениците со ПОП во наставно-образовниот процес
-давање инструкции при дефинирањето на воспитно-образовните цели, специфичните стратегии, методи, форми и техники на работа со учениците со ПОП
–учество во планирањето на неопходните методолошки адаптации при изведувањето на наставата за учениците со ПОП
-посета на часови со цел увид во степенот на социјализација и вклученост на учениците со ПОП во наставата и утврдување на дидактичката подготвеност на наставникот за работа со ученици со ПОП.

Работа со ученици

На почетокот на годината беше направена детекција и евиденција на ученици со ПОП,  оваа година има 11 ученици со ПОП. Во одделенска настава има пет, додека шест ученика се од предметна настава.

За учениците со ПОП кои имаат документација од соодветна медицинска установа, во текот на првото полугодие отворени се посебни досиеа кои во себе ги содржат документите со процена на способноста на функционирање на ученикот, проценките од дефектолошката  и индивидуална работа, ИОП, опсервации за време на часови, мислења од наставниците .

Во текот на полугодието имаше и ученици кои имаат потешкотии во учењето и со нив се работеше  на отстранување и намалување на потешкотиите.

**3. Советодавно-консултативна работа со учениците со посебни образовни потреби, наставниците и родителите**

-континуирано следење на напредокот и постигањата на учениците со посебни образовни потреби
-давање стручни совети и насоки за работа во домашни услови и насоки за работа во текот на зимскиот распуст.
-јакнење на капацитетите на наставниците за препознавање на интересите и способностите на учениците со пречки во развојот
-континуирана поддршка на наставниците и следење при примена на изготвените насоки и индивидуалните образовни планови од страна на наставниците
-ревидирање на целите и задачите предвидени со ИОП-от во соработка со наставниците и родителите
-советодавна работа и поттикнување на родителите на учениците со ПОП за активно учество во воспитно-образовниот процес преку вклучување во планирањето и поддршката на развојот.

**4.Соработка со стручни институции и локална заедница**

**-**-соработка со МКФ
**-**Соработка со Завод за Ментално здравје
-соработка со колеги од иста професија и споделување на практична работа

**5.Професионален развој и професионална соработка**

Учество на вебинари:
-Присуство на обука за  "How to prevent bullying and cyberbullying in schools and promote social emotional learning , на ден 20.10.2025.
**-**Проучување  на стручна литература

-Информирање од интерент странци

Дефектолог
Ивана Крстќ

## Извештај за работата на училишниот инклузивен тим

Училишниот инклузивен тим се состана и се направи Годишна програма на за учебна 2025-2025. Инклузивниот тим создава услови за поголем напредок на учениците со ПОП.

На почетокот беа идентификувани учениците со посебни образовни потреби. Во оваа учебна година има 11 ученици со ПОП, во одделенска настава има 5 ученици по ИОП, а во предметна има 6 ученици кои работат по ИОП.

Беа направени консултации со родителите се со цел да се слушне нивното мислење и согледување за целите кои се поставени во ИОП и да дадени се насоки се со цел за остварување на целите кои се постваени во ИОП за оваа учебна година.

Има и ученици со потешкотии со документ од институција за работа со дефектолог и со истите во оваа полугодие работеа со дефектологот и кај учениците има напредок во остварување на целите кои се предвидени . Исто така беа направени и разговори со раководителите на паралките кои имаат ученици со ПОП се со цел да се види дали учениците успешно се вклопуваат и ги совладуваат целите кои се поставени во ИОП. Направена е ревизија со цел да се види дали се остварени целите ставени во ИОП.

**Извештај за одржани состаноцина училишниот инклузивен тим**

| Р.бр. | Дневен ред од одржаниот состанок | Цели на состанокот | Датум |
|---|---|---|---|
| 1. | 1. Запознавање на бројот на ученици со ПОП за учебната 2025-2026<br>2. Разговор со родители на учениците со ПОП и изработка на индивидуални образовни планови со инклузивните тимови за секој ученик<br>3. Предлози и прашања | Подобрување на работата на тимот | 30.09.2025 |
| 2. | 1.Ревизија за прво тримесечије за учебната 2025-2026<br>2.Предлози и прашања | Постигнувањата на учениците со ПОП | 19.11.2025 |

Училишен инклузивен тим:

Снежана Петреска - директор
Ивана Крстиќ- дефектолог
Анета Сековска Ѓорѓиоска-психолог
Маја Дрндаревски - одделенски наставник

Оливера Костадинова – предметен наставник
Катерина Глигорова -родител
Андријана Шишковска - родител

**Извештај за работата на психологот**

**ЦЕЛИ:**

Советодавна и инструктивна работа со учениците, наставниците и родителите во врска со воспитно образовната работа во корелација со приоритетите на училиштето беше основа за реализација на активностите во училиштето.

| **1.Планирање и подготовка на работата на психологот** |
|---|
| -изготвување на годишна програма за сопствената работа<br>-изготвување на план и програма за професионален развој<br>-изготвување на дневни, неделни и месечни (оперативни) програми за сопствената работа со конкретизирани активности и содржини |
| **2. Изготвување на планирања и програми на ниво на училиште** |
| -учество во изготвување на годишната програма за работа на училиштето<br>-учество во изготвување програма за професионален развој на наставниците<br>-изготвување програма за професионална информација и ориентација на учениците<br>-изготвување на програма за откривање и следење на ученици со емоционални потешкотии<br>-изготвување на програма за откривање и работа со талентирани и надарени ученици<br>-изготвување програма за работа со деца со посебни образовни потреби, за работа со ученици со емоционални потешкотии, работа со надарени учници, како и програма за превенција од насилно однесување (со дефектологот на училиштето)<br>-изготвување програма за работа со родители |
| **3.Советодавна работа со учениците** |
| -следење на прилагоденоста на учениците од прво и шесто одд. деветгодишно образовение, како и на новодојдените ученици<br>-советодавно-инструктивна работа со учениците со емоционални потешкотии и несоодветно однесување, како и со учениците од семејства со социјален ризик<br>-евиденција од работата со овие ученици, наставниците и нивните родители, |

| |
|---|
| -индивидуално и групно советување ученици кои имаат несоодветно однесување, намален успех во учењето и нередовно ја посетуваат наставата.<br>-индивидуална и групна работа со ученици |
| **4.Работа со ученици со посебни образовни потреби** |
| -запознавање на наставниците со учениците со посебни образовни потреби и со видот на нивната попреченост, посебно наставниците од прво и шесто одделение.<br>-индивидуална работа со учениците со посебни образовни потреби преку прилагодени планови и програми за работа<br>-советодавно-консултативна работа со нивните родители и евиденција на истата<br>-соработка со Центарот за социјани работи и Заводот за ментално здравје со цел подобрување на нивните постигања и социјалниот статус во паралелките<br>-следење на нивните постигања, емоционалниот и социјалниот развој на крајот на класификационите периоди |
| **5.Работа со надарени ученици** |
| -препознавање и поттикнување на талентирани и надарени ученици<br>-советодавна работа со наставниците за влучување на овие ученици во -додатна настава и вonнаставни ученички активности, како и мотивирање на истите за учество на натпревари на знаење<br>-помош при пополнување на образецот за работа со надарени ученици со податоци за видот на надареност, постигања, учество на натпревари... |
| **6.Работа со ученици со потешкотии во учењето, прилагодувањето и однесувањето** |
| -помош и поддршка на наставниците при откривање ученици со потешкотии во учењето( деца со ниска самодоверба, деца кои насилно се однесуваат, деца со емоционални проблеми и слаба мотивација, како и деца со проблеми во однесувањето)<br>-следење на нивното напредување по завршување на класификационите периоди<br>-советодавна работа со овие ученици и нивните родители и евиденција на истата<br>-групно советување на учениците со намален успех во учењето и ученици кои нередовно посетуваа настава |
| **7.Запишување на учениците и формирање паралелки** |
| |

| |
|---|
| -запишување на нови ученици и нивно распределување во паралелки<br>-следење на уписот на учениците во прво одделние во основно образование<br>-следење на процесот на адаптација на учениците запишани во прво одделение |
| **8.Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и воннаставните содржини** |
| -следење на успехот, поведението и редовноста на учениците по паралелки, предмети, по пол и етничка припадност<br>-помош и поддршка на наставниците при планирање на додатна и дополнителна настава<br>-следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците<br>-следење и евиденција на освоените места и награди на учениците и учество на интерни, општински, регионални и републички натпревари |
| **9.Соработка со родителите** |
| -индивидуална и групна советодавна работа со родителите<br>-изготвување на месечен и неделен план за советување на родителите, пополнување обрасци за работа, како и записници од советувањето<br>-реализирање на програмата за советување на родители |
| **10.Соработка со наставници** |
| -помош и поддршка при изготвување на годишните и тематски планирања на наставниците<br>-инструктивно-консултативни разговори со наставниците во врска со планирани методи на формативно оценување, техники за учење, водење рефлексивни забелешки во дневните подготовки, планирање и задавање домашни задачи, како и следење на користењето дигитални содржини со нагласување на користени веб страни<br>-посета на часови и пополнување на инструментите за посета на час и евалуација на дневните подготовки<br>-консултативно советодавна работа по одржување на наставните часови<br>-педагошко инструктивна работа со наставниците за подобрување на личниот, социјалниот и емоционалниот развој на учениците<br>-помош на наставниците при изготвување на објективни тестови на знаење и нивно бодување и оценување |

| 11.Унапредување на воспитно образовната работа |
|---|
| -поддршка на одговорните наставници на стручните активи, како и одговорните наставници на ученичките организации при изготвување на годишни програми за работа<br>-помош и поддршка на одделенските раководители во изготвување и спроведување на активности на одделенските часови од програмата “Образование за животни вештини“<br>-стручна помош на менторите и приправниците во секојдневната работа и пред полагање на стручните испити ( во изготвување на годишните, тематските и дневни планирања)<br>-следење и учество во организација и реализација на проектот „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“. |
| **12.Аналитичко истражувачка работа** |
| -подготвување извештај од спроведената анкета наменета за учениците на тема: „Утврдување на комуникацијата помеѓу наставник и ученик“.<br>-изготвување извештај од советувањето родители за потребите на Педагошката служба при МОН на крајот на секој класификационен период |
| **13. Педагошка евиденција и документација** |
| -редовно водење на сопствена евиденција и документација (хронолошки дневник за работа, изготвување оперативни програми за работа, евиденција од педагошко инструктивна и советодавна работата со наставници,родители и ученици, соработка со локална средина, документација од аналитичко- истражувачка работа...)<br>-водење педагошки картон за работата на наставниците<br>-водење професионално досие на наставниците од предметна настава<br>-поддршка на наставниците во водење на педагошка евиденција и документација и следење на истата (внесување на потребни податоци во педагошки картон) |
| **14. Соработка со локална заедница и други институции** |
| -соработка со МОН, БРО, Завод за ментално здравје, МКФ, Меѓуопштински центар за социјална работа, Институт за психологија, Детски градинки, основни и средни училишта од општина Бутел и град Скопје |

Психолог

## Извештај за работата на педагогот

Табеларен преглед по програмски подрачја

| |
|---|
| **1.Работа со ученици** |
| Учество во формирање паралелки за прво одделение. |
| Учество во распоредување на ученици дојдени од други училишта по паралелки. |
| Учество во следење на успехот и напредокот на учениците. |
| Индивидуална и групна работа со ученици. |
| Опсервација на ученичка од 2в одделение и изработување записник од извршената опсервација. |
| Советодавна работа со ученици за справување со кризни ситуации. |
| Работилница на тема: „Стоп за меѓуврсничкото насилство – Избери пријателство!“ во 9б одделение. |
| Подготовка на предавање на тема: „Задавањето домашни задачи - важен сегмент на наставата“. |
| **2.Соработка со наставници** |
| Консултативно-советодавна работа со наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовниотпроцес. |
| Поддршка на наставниците при изработување Годишни програми и планирања, Тематски и Дневни планирања и Сценарија за час. |
| Следење и увид во Годишните планирања на наставниците и евидентирање во соодветни образци. |
| Консултативно-советодавна работа со наставниците по извршеното следење и увид во Годишните планирања на наставниците и давање повратна информација. |
| Следење  на часови. |
| Анализа на Дневните поланирања на наставниците и на белешките од следените часови и  евидентирање во соодветни образци. |
| Консултативно-советодавна работа со наставниците по направената анализа на белешките од следените часови, Дневните поланирања на наставниците и давање повратна информација. |
| Увид во педагошка евиденција и документација – Дневник на паралелка и евидентирање во соодветни образци. |
| Консултативно-советодавна работа со наставниците по увидот на педагошка евиденција и документација – Дневник на паралелка и давање повратна информација. (Дадени препораки за подобрување на воспитно-образовната работа во однос на водење на педагошка евиденција и документација–Дневник на паралелка). |
| Поддршка на наставниците за приспособување на наставата според карактеристиките на учениците преку примена на различни форми, методи и техники. |
| Поддршка на наставниците за  индивидуална работа со учениците и соработка со сите релевантни фактори. |
| Давање поддршка на наставниците во воспоставување добра комуникација меѓу учениците. |

| |
|---|
| Советодавна работа со одделенски раководители. |
| Соработка со стручните активи . |
| Поддршка на наставничко-родителска соработка. |
| Распоредување на образовните асистенти и советодавен разговор со истите. |
| Организирање систематски преглед и вакцина - HPV за момчиња и девојчиња од 7 одделение. |
| **3.Соработка со родители** |
| Советодавна работа со родители која се однесува на разбирање за тоа како семејството, а пред се кризните ситуации влијаат на когнитивното, емотивното и социјалното функционирање и напредување на учениците и давање поддршка со посебно внимание на учениците кои имаат проблеми со учењето и дисциплината. |
| Советодавна работа со родителите поврзана со нивната родителска улога и начините на комуникација со децата при помагање во учењето. |
| **4.Соработка со заедницата** |
| Соработка со МОН, БРО, ДПИ, Државен завод за статистика, Општина Бутел и Поликлиника Чаир. |
| Соработка со СОС детско село. |
| Соработка со стручните соработници од своето и од други училишта и секција на педагози „Гласот на педагогот“. |
| Учество во реализирање и следење на активности кои се реализираа во соработка со заедницата. |
| **5.Професионален развој и професионалнасоработка** |
| Водење сопствено Професионално досие. |
| Учество и давање поддршка на: Наставнички совет и Одделенски совети. |
| Соработка со стручните соработници од своето и од други училишта. |
| **6.Аналитичко-истражувачка работа** |
| Учество во следење на успехот, дисциплината и поведението на учениците. |
| Анализа на Годишните планирања на наставниците, евидентирање во соодветни образци, изработување извештај и презентирање на истиот. |
| Анализа на белешките и дневните планирања за час од следените часови, евидентирање во соодветни образци, нивно презентирање . |
| Анализа на педагошка евиденција и документација – Дневник на паралелка, евидентирање во соодветни образци, нивно презентирање и изработување записник.. |
| Аналитичко-истражувачка работа и потполнување Прашалник за број на ученици жртви на насилство во училиштето. |
| Аналитичко-истражувачка работа и изработување табеларен преглед со податоци за наставници (број на наставници, предмети кои ги предаваат, одделенски раководства), број на паралелки по одделенија, број на ученици по паралелки и по одделенија. |
| Аналитичко-истражувачка работа и изработување табеларен преглед со податоци за ученици (број на ученици по пол и по етничка припадност на ниво на паралелка, одделние и училиште). |
| Изработување на Известување за мојата работа со ученик од 9 б одделние. |
| Изработривање Извештај за реализирана работилница„Стоп за меѓуврсничкото насилство – Избери пријателство!“ во 9б одделение. |
| Аналитичко-истражувачка работа и изработување табеларен преглед со податоци за ученици (број по пол, етничка припадност и возраст на ниво на паралелка, одделние и училиште). |
| Изработување Годишен статистички извештај за основни училишта - почеток на учебна година. |

| |
|---|
| Изработување табеларен преглед -Ученици запишани во учебната 2025/26 по:<br>-Етничка припадност.<br>-Број на ученици кои следет настава на еден од јазиците.<br>-Број на ученици по одделенија кои го изучуваат мајчиниот јазик како изборен предмет. |
| Изработување Полугодишен извештај за сопствената работа. |
| Изработување на Полугодишен текстуален и статистички извештај за работа на училиштето. |
| **7.Училишна структура, организација и клима** |
| Поддршка на наставниците за водење на педагошката евиденција и документација. |
| Изработување и издавање дупликат на свидетелство. |
| Изработување Месечни планирања за сопствената работа. |
| Водење Хронолошки дневник. |
| Поддршка на наставниците во изработување Годишни програми, Тематски и Дневни планирања и Сценарија за час. |
| Следење и увид во Годишните програми на наставниците и евидентирање во соодветни образци. |
| Консултативно-советодавна работа со наставниците по извршеното следење и увид во Годишните планирања на наставниците и давање повратна информација. |
| Следење на часови. |
| Анализа на Дневните планирања на наставниците и на белешките од следените часови и евидентирање во соодветни образци. |
| Консултативно-советодавна работа со наставниците по направената анализа на белешките од следените часови, Дневните поланирања на наставниците и давање повратна информација. |
| Следење и увид во педагошка евиденција и документација – Дневник на паралелка и евидентирање во соодветни образци. |
| Консултативно-советодавна работа со наставниците по увидот во педагошка евиденција и документација – Дневник на паралелка и давање повратна информација. (Дадени препораки за подобрување на воспитно-образовната работа во однос на водење на педагошка евиденција и документација–Дневник на паралелка). |
| Учество во формирање паралелки за прво одделение. |
| Залагање за недискриминација и рамноправност, како и за демократско учество на учениците во животот на училиштето. |

Педагог
Поликсена Илиоска

Изработил
Поликсена Илиоска, педагог

________________

Директор
д-р Снежана Петреска

_________________

Претседател на Училишен одбор
Милорад Васовски

____________________